**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРАВО НА ДРУШТВАТА**

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| Име и презиме: | Научен степен и академско звање: |
|---|---|
| | |
| Димитар Гелев | доктор на науки и редовен професор |
| | |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| Име и презиме на соработникот: ---------------------------------------- | Научен степен и академско звање на соработникот: ------------------------------------- |
|---|---|
| Други предавачи (експерти од практиката): ----------------------------------------------------------------------------------- | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| Назив на предметната програма: Право на друштвата | |
|---|---|
| Код на предметната програма: 50825 | Број на кредити: 7 |
| Вкупно часови настава: 48 | Број на страници задолжителна литература: 390 |
| Студиска година кога се изучува предметната програма: II | Семестар во кој се изучува предметната програма: III |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

| Опис на предметната програма |
|---|
| Правото на друштвата им овозможува на студентите соочување со уште еден концепциски предизвик, а тоа е трговското друштво како субјект на правото. Во прашање е предмет којштo претставува една од основните наставно-научните содржини на современите правни студии во светот и истиот се среќава под називот Company law, Corporation law, Gessellschaftrechts. Правото на друштвата претставува основа на деловното право и во него се изучуваат правните форми за водење на деловните потфати. Совладувањето на содржините на овој предмет им овозможува на студентите стекнување на суфициентно знаење за практикување на правото бидејќи се работи за предмет којштo има силна апликативна димензија. Во рамките на овој предмет се изучува основањето, регулирањето на односите за време на постоењето на |

| |
|---|
| **трговските друштва со посебен осврт на сопственоста и управувањето како и нивниот престанок по различни основи. Во предметната програма преку користење на компаративниот метод се изучуваат формите на трговски друштва во светски рамки, а преку историските метод се изучуваат формите во коишто се вршела трговската дејност во Република Македонија во различни временски периоди. Посебно внимание се посветува на изучување на трговските друштва во светот низ окуларот на стандардната дихотомна поделба на правните системи на Civil law и Common law. Во фокусот на оваа предметна програма е концептот на трговец олицетворен во трговецот-поединец и трговското друштво. Истите се проучуваат преку поим, белези, правна суштина. Најголем дел од предметната програма е посветен на различните форми на трговски друштва во Република Македонија. Акцентот е ставен на проучување на македонската постоечка законска регулатива од оваа област. Иако најпрвин се проучуваат заедничките прашања за сите форми на трговски друштва во текот на наставата детално се проучуваат клучните прашања за секоја форма на трговско друштво посебно, почнувајќи од јавното трговско друштво, командитното, командитното друштво со акции, друштвото со ограничена одговорност, па се до акционерското друштво коешто претставува парадигма на капиталски друштва. Во рамките на оваа предметна програма се изучуваат стопанската интересна заедница, тајното друштво како и странскиот трговец-поединец и странското трговско друштво.** |
| **Клучни зборови (термини) за предметната програма** |
| **трговско друштво, трговец-поединец, персонални друштва, капиталски друштва, удел, влог, акција, јавно трговско друштво, командитно друштво, друштво со ограничена одговорност, акционерско друштво, командитно друштво со акции** |

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

| **Цели и резултати што треба да се постигнат** |
|---|
| **Во светот предметот Право на друштвата е опишуван од студентите како тежок, а од страна на предметните професори како голем предизвик. Целта на професорите кои го предаваат овој предмет на Правниот факултет "Јустинијан Први" е и студентите да го опишуваат предметот како голем предизивик којшто успешно го совладале, а не како тежок и несовладлив. Со совладувањето на содржините на оваа предметна програма студентите ќе се стекнат со суфициентно знаење за правните форми за водење на деловниот потфат-трговските друштва. Имајќи предвид дека секој бизнис се врши во некоја од формите на трговско друштво студентите лесно можат стекнато знаење да го применат бидејќи се работи за проблематика којашто има силна апликативна димензија во пракса. Во наставата најприменуван е методот на истражување на случај, како и симулирани случаи и правни ситуации така што еден од главните очекувани резултати е стекнатото знаење да го применат во реални правни ситуации. Резултатите што се очекуваат од студентите е суверено да ги познаваат правата на содружниците и акционерите, ингеренциите на органите на управување и управувачките структури, да ја познаваат содржината и да пристапат кон подготвување на актите на друштвата. Со проучувањето на проблематиката од оваа научна област студентите ќе бидат во состојба да поднесуваат поднесоци до Трговскиот регистар, да ја подготвуваат потребната документација, да подготуваат одлуки на** |

**органите на управување. Преку стекнаното знаење од областа на правото на друштвата студентите ќе можат да ги подготвуваат документите за одржување на собранија на акционери и собир на содружници како и одлуки на управители, контролори, надзорен и управен одбор, односно соодветно одбор на директори во зависност кој систем на управување е афирмиран кај акционерското друштво**

## VI. Методологија на предавање

| Методологија на предавање |
|---|
| **Наставните содржини на предметната програма Право на друштвата се совладуваат преку предавања што се реализираат преку правење на power point презентации. На предавањата се иницираат прашања за дискусија од предметната проблематика се со цел да се реализира интерактивна настава. Студентите се мотивираат да го користат аналитичкиот метод при проучувањето на законската регулатива така што секој студент добива можност на наставата да анализира одредби од Законот за трговските друштва. Се прават симулирани правни ситуации се со цел студентите да се потикнат да размислуваат низ конкретни ситуации. Се користи метод на проучување на случаи којшто е предоминантен на вежбите по право на друштвата. Преку конкретни акти на трговските друштва, берзански случувања и актуелности студентите се подготвуваат за реалност бидејќи теоријата без пракса е како пловидба без компас. Вежбите по право на друштвата соработникот ги реализира преку практични примери, обрасци од Централниот регистар, конкретни статути, договори и акти на друштвата како и документи и одлуки на органите на управување кадешто на студентите им е овозможено да се уверат како се имплементира конкретно законската регулатива во Република Македонија.** |

## VII. Начин на (континуирано) оценување

| Начин на (континуирано) оценување |
|---|
| **Студентите може да стекнуваат поени од активност со активно учество на часовите и со изготвување на семинарска работа. Тој број поени може да изнесува максимум 20 поени. Усмениот (завршен) испит носи максимум 80 поени, а поените од активност се додаваат на поените од усмениот испит за формирање на крајната оценка. За положување со преодна оценка студентите мора да освојат минимум 61 поен.** |

## VIII. Детална структура на предметната програма

****ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА ЛИТЕРАТУРА

| **Недела бр. 1** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** Предмет на проучување и развој на трговските друштва | **задолжителна литература:** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Општо за предметот на проучување на правото на друштвата<br>Развој на трговските друштва во суверена и самостојна Република Македонија<br>Создавање на трговските друштва преку процесот на трансформација на општествените претпријатија и привтизација на општествениот капитал | |
| **Недела бр. 2** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:** Трговец, трговец-поединец, трговско друштво | **Задолжителна литература: 49-68, 69-84, 91-104** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>**ТРГОВЕЦ**<br>Дефинирање на поимот трговец<br>Услови за стекнување својство на трговец<br>Физички лица коишто не се сметаат за трговци<br><br>**ТРГОВЕЦ-ПОЕДИНЕЦ**<br><br>Правна положба на трговецот-поединец<br><br>Упис на трговецот-поединец во трговскиот регистар<br><br>Фирма на трговецот-поединец и нејзиниот пренос<br><br>Престанувањето на работењето на трговецот-поединец<br><br>**ТРГОВСКО ДРУШТВО**<br><br>Трговски друштва (дефинирање, правна природа и класификација)<br><br>Конститутивни елементи на трговското друштво (плуралитет на содружниците, внесување влогови во трговското друштво, учество на содружниците во резултатите од работењето на друштвото, (affectio societatis). Часот ќе биде посветен на заедничките одредби за трговските друштва од ЗТД. | |
| **Недела бр. 3** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:** Белези на трговските друштва и застапување | **задолжителна литература: 167-200** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>**БЕЛЕЗИ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА**<br>Фирма<br>Седиште<br>Предмет на работење<br><br>**ЗАСТАПУВАЊЕ** | |

| | |
|---|---|
| Прокура<br>Трговски полномошник<br>Трговски патник | |
| **Недела бр. 4** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>Персонални трговски друштва | **задолжителна литература:**<br>**233-272** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Јавно трговско друштво<br><br>Командитно друштво | |
| **Недела бр. 5** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>Друштво со ограничена одговорност | **задолжителна литература:**<br>**273-306** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Историјат и регулатива<br><br>Поим и белези<br><br>Основање<br><br>Основна главнина<br><br>Влог<br><br>Удел | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Друштво со ограничена одговорност | **задолжителна литература:**<br>306-363 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Правни односи меѓу друштвото и содружниците<br><br>Одлучување на содружниците во друштвото<br><br>Управување со друштвото и надзор над работењето со друштвото | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина**<br><br>Акционерско друштво | **задолжителна литература:**<br><br>363-388 |
| **Детална структура на тематската целина**<br><br>Поим за акционерско друштво<br><br>Акции<br><br>Основање основање на акционерското друштво | |

| | |
|---|---|
| Упис на друштвото | |
| **Недела бр. 8** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина**<br>Акционерско друштво | **задолжителна литература:**<br><br>388-432 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>Правни односи меѓу друштвото и акционерите<br>Одлучување на акционерите (собрание на друштвото) | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>Акционерско друштво | **задолжителна литература:**<br>**433-473** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Системи на управување<br>Одбор на директори<br>Управен одбор<br>Надзорен одбор | |
| **Недела бр. 10** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>Командитно друштво со акции | **Задолжителна литература: 499-504 505-514 547-554** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Учество во други трговски друштва (поврзани друштва)<br><br>Преобразба на друштвата од една во друга форма на друштво<br><br><br>Преобразба на друштвата од една во друга форма на друштво | |
| **Недела бр. 11** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br><br>Статусни промени, Ликвидација на друштво, Стопанска интересна заедница | **задолжителна литература:**<br>**221-231 555-574, 589-601.** |
| **Детална структура на тематската целина:** | |
| **Недела бр. 12** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>Тајно друштво, Странско трговско друштво и странски трговец-поединец | **задолжителна литература:**<br>**515-525, 575-587** |
| **Детална структура на тематската целина:** | |

## IX. Активности на надворешни институции

| Активности на надворешни институции |
|---|
| **Експертите од пракса преку конкретни ситуации ќе ги запознаваат студентите со конкретни проблеми којшто се појавуваат при примената на регулативата од оваа област. Акцентот ќе биде ставен на проблемите коишто се појавуваат при имплементирањето на законите се со цел студентите уште во втората година на студиите да станат свесни за големата дискрепанца којашто постои меѓу правото во книгите и правото во праксата.** |

**Испитна литература по предметот право на друштвата**
(страници од учебникот ПРАВО НА ДРУШТВА, д-р Милан Недков, д-р Тито Беличанец, д-р Елена Градишки-Лазаревска, Правен факултет, "Јустинијан Први", Скопје, 2009 година)

УЧЕБНИКОТ ПРАВО НА ДРУШТВАТА, д-р Милан Недков, д-р Тито Беличанец, д-р Елена Градишки-Лазаревска, Правен факултет, "Јустинијан Први", Скопје, 2009 година, достапен е во книжарницата на Факултетот, а ЗТД (интегрален текст) можете да го добиете во хартиена форма во книжарницата или на веб страната на факултетот во графата наменета за предметот ПРАВО НА ДРУШТВАТА.

***Предметни наставници:***

1. Проф. д-р Димитар Гелев
2. Доц. д-р Александар Климовски